Универзитет ...
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 02-02-2018
Орг. Един. 08 | Број 3471/1 | Прилог: | Вредност:

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Бр. 1409-263/10
25.01. 2018 година
Кеј Димитар Влахов, бр.4
II спрат, ,
Локал 203
1000 Скопје
тел.: (02) 3 220 509
факс: (02) 3 220 508

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/16, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5та седница одржана на 21. 12. 2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Класична филологија со антички студии или византологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Класична филологија со антички студии или византологија прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (8 семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **дипломиран класичен филолог со антички студии; дипломиран класичен филолог со византологија;**

Научно - истражувачко подрачје: 06 хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: 6.04; 6.12;
Научно – истражувачко област: 64007; 61222; 61223; 60102; 60104; 60202; 60205;

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет**(I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019;

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Бр. 1409-263/10
25.01. 2018 година
Кеј Димитар Влахов, бр.4
II спрат, ,
Локал 203
1000 Скопје
тел.: (02) 3 220 509
факс: (02) 3 220 508

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Филозофски факултет, на прв циклус студиските програми Класична филологија со антички студии или византологија, на 26.09.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на својата 2 седница, на 19.10.2017 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 5та седница одржана на 21. 12. 2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски